# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 17/2022
## 15.09.2022 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **15.09.2022** година.

**Бр.09- 689/1**
**15.09.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 95 став 1 од Законот за градежно земјиште Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016), член 14 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014; 44/2015; 116/2015; 150/2015; 31/2016; 71/2016 и 163/2016),член 8 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016 и 64/2018) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ) и Одлуката за висина на цена за извршени активности според договори склучени со Општина Неготино бр.02-259/6 од 26.05.2022 година, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **15.09.2022** година ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А
## За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година

### Член 1

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година се вршат следните измени:

Во точка 4.5.10 висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на објекти: *алинеа 13 за поставување на фотоволтаични панели на кровот од станбени и деловни објекти, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште е производот од површината на фотоволтните панели во м$^2$ помножена со 300,00денари за 1 м$^2$* **се брише** и за оваа алинеа ќе се применува алинеа 12 која гласи:

**- За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) , висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисоко од 20% од висината на**

**просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициент 0,01 и тоа**

**28718,00ден x 20% = 5.743.60 денари x 0.01 = 57,43 денари по м$^2$ од вкупната површина на поставените фотоволтаични панели.**

**Алинеа 14 станува алинеа 13 и секоја наредна алинеа се поместува за еден реден број.**

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-688/3**
**15.09.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 17/2022

1. Заклучок за објавување на **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година**
2. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година**